Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 09-10-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 43 | 8941/2 | | |

Архивски број 18-2001/1
Дата: 07.10.2020

До
**Генерален секретаријат на Владата на РМ**
**Одделение за соработка со НВО**

**Предмет:** Мислење по предлог –иницијатива на НВО Инфоцентар, Скопје

**Ваш број:** 43-8941/1 од 28.09.2020

Почитувани,

Организирањето на инспекциските служби во Законот за локалната самоуправа е регулирано во член 57 став 3, како можност општината да организира општински инспекторат заради вршење на инспекциски надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност. Министрството за локална самоуправа во текот на минатата година спроведе оценка на имплементацијата на Законот за локалната амоуправа. Со овој процес беше опфатена и одредбата од законот што се однесува на организацијата на инспекциските служби во општините. Во процесот на консултација, прашањето за реорганизирање и за екипирање на инспекциските служби на локално ниво беше адресирано од повеќе засегнати страни. Од таму иницијативата на НВО Инфоцентар, како прашање е веќе актуелизирана и ќе биде земена предвид при подготовката на измените и дополнувањата на Законот за локалната самоуправа.

Во процесот на консултација спроведен со сите релевантни субјекти, како што се претставници на органите на општините-градоначалници и членови на советите, претставници на општинската администрација и претставници од граѓанскиот сектор беше констатирано дека има потреба да се доуреди и материјата која што се однесува на месната самоуправа, како и на директните облици на учество на граѓаните во донесувањето на одлуките. Од една страна попрецизно да се определи местото и улогата на месната самоуправа во системот на локалната самоуправа, особено во процесите на донесување на одлуки од страна на органите на општината, како и да се преиспитаат постојните и со закон да се предвидат нови механизми за поголема вклученост на граѓаните, како и за зголемена транспарентност и отчетност на локално ниво.


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

Во таа смисла, иницијатива на НВО Инфоцентар, Скопје се прифаќа во целост и Министерството за локална самоуправа ќе ја земе во предвид при подготовката на измените и дополнувањата на Законот за локалната самоуправа. Во текот на постапката за менување на Законот, повторно ќе биде спроведена консултација со засегнатите страни, каде што ќе бидат поканети и претставници на граѓанскиот сектор, кои што со својата експертиза ќе можат директно да придонесат во подобрувањето на текстот на законот.

**МИНИСТЕР**
**м-р Горан Милевски**

Одобрил
Државен секретар
Кирил Парталов

Подготвил
М-р Ели Чакар


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk